Diploma Programme
Programme du diplôme
Programa del Diploma

# Macedonian A: literature – Standard level – Paper 1
# Macédonien A : littérature – Niveau moyen – Épreuve 1
# Macedonio A: literatura – Nivel medio – Prueba 1

Wednesday 4 May 2016 (afternoon)
Mercredi 4 mai 2016 (après-midi)
Miércoles 4 de mayo de 2016 (tarde)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

---

### Instructions to candidates

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a guided literary analysis on one passage only. In your answer you must address both of the guiding questions provided.
- The maximum mark for this examination paper is **[20 marks]**.

### Instructions destinées aux candidats

- N’ouvrez pas cette épreuve avant d’y être autorisé(e).
- Rédigez une analyse littéraire dirigée d’un seul des passages. Les deux questions d’orientation fournies doivent être traitées dans votre réponse.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d’examen est de **[20 points]**.

### Instrucciones para los alumnos

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un análisis literario guiado sobre un solo pasaje. Debe abordar las dos preguntas de orientación en su respuesta.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es **[20 puntos]**.

2216 – 0131



© International Baccalaureate Organization 2016

International Baccalaureate®
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

Напишете, според упатството, литературна анализа на само **еден** од следниве извадоци. Вашиот одговор мора да се однесува на двете долунаведени прашања:

**1.**

**Звуци**

Секогаш сум на штрек. Ми се згрчуваат мускулите на нозете и при најмал звук што ќе го сетам како чуден и неприроден. Веднаш станувам и ги проверувам сите соби во куќата, а потоа со страв погледнувам кон надворешните скали. Некогаш се стресувам и на звуци што доаѓаат од мојот желудник. Некогаш затреперувам и на најмал трепет на лисјата на оревот во дворот. Имам беспрекорен слух кој ги регистрира и најмеките поместувања на мебелот. И најфланелските чекори во дворот. И памучното одење на прсти, ноќе. Некогаш можам да ги слушнам и автомобилите оддалечени со километри. Додека спијам, моите уши се будни. Додека се одмарам, моите уши не одмараат. Го одмеруваат секое гласче и звукче и ги забрзуваат срцевите отчукувања. Тоа му доаѓа како фон на опасноста, затоа што ушите и срцето научиле да соработуваат во насетувањето, во наслушнувањето, во опипувањето на звучноста. Не се плашам од земјотреси. Сакам да сум спремна кога во другата соба ќе се затресат прозорците, а мене ми снемува воздух во градите.

Денес ушите ме предупредија. Ме разбуди едно силно тресење на стакла. Ми се згрчуваат мускулите на нозете оти звукот е чуден и неприроден. Веднаш станувам и ги проверувам сите соби во куќата, а потоа со страв погледнувам кон надворешните скали. Нема ниту месо кое вибрира, ниту превртени очи, ниту пролеана лига или мочка. Вибрираат ѕидовите и се превртува подот.

По неколку минути, излегува мајка ми од шарките на тепихот и прошепотува неколку збора на непознат јазик.

Славица Гаџова, *Блесок* “Број 76” (2011)

(a) Објаснете ја улогата на звук и слушање во настаните во расказот и дискутирајте го вашето разбирање за овие елементи.

(b) Испитајте го начинот на кој авторот ја создава атмосферата во расказот и дискутирајте го ефектот.

**2.**

**Заум**

Оној што прави замки за мојата душа
сковал сребрен прстен околу Белото езеро.
Вечерва не спијам, ми трепери мислата,
мора од вести ми влегува во сонот.
Демони ме демнат по трага од тага.
Ене и ангел што претскажува смрт,
ми носи пехар со горко црно вино
и венец од смил, жолт венец на мртвите.
Цел живот јас пловам против струјата,
крикот на галебот ми е глас на вистината.
Името ми е знак – клуч на мојата судбина.
Запишат ли ми името во тајната книга,
ќе ми коват зло во ковница од зборови.
Но никој не може да ми ја уништи душата.
Ако ми измислат вина што се казнува со смрт,
побарајте ми ја душата крај ова Светло езеро.
Тогај ќе севне молња.  Нов почеток во времето.
А кога ќе видите дага – небесна ѕуница,
тоа е знак дека се враќам во вечност.

Душко Наневски, *Блесок* "Број 2" (1998)

(a) Анализирајте ја употребата на метафората и објаснете како ова придонесува кон вашето разбирање на песната.

(b) Направете анализа на структурата на песната како и на нејзините ефекти.